

Јанко Илковски

# КОЗЈИ УШИ

Сакам да ископам
јама
и да викам во неа
дека царот има
козји уши!
**Има козји ушиии!!!**

И не садете врба на тоа место, оти свирки од неа лесно се прават, а кога ќе дувнеш во нив вистината ќе одекне надалеку. Чудно е моето професинално патешествие, не ме прашувајте како, но на необјаснив начин, од затемнетите долини на *андерграундот* во кој бескрајно уживав, запливав во водите на *меинстримот*, медиумски, секако. Наместо и понатаму да се занимавам со аспектот на новите патерни на Бесполните Безрбетници со нивното најново дело Алиса во *Ултраленд*, јас секоја вечер се најдов на каучот на Фројд во колективната психотерапија на секојдневицата на овој утепан, намачен, разгален, дрзок, затупен, паметен и прекрасен народ.

На *блогерајот* некој напишал:

Трендо - сонот на девојките

Јанко - реалноста на пензионерките

Уууу, низок удар, боли кога е под појас ама нема *обџекшн*, ваистина е.

Но да се вратам на себе, то ест - мене, апси-ренту-тури-он моето еготрипање во овој број на вашиот омилен стрип и *џоук рилиф* во овој број. Прво решив да ве поштедам од моите лигаво-шпански-аспекти на мојот (ждриг) живот или патосот на самопосипувањето со *пепел ин кри* во глумењето трагичар на нашата религиозно-православна транзиција.

Ах како само ќе се резилат моите деца и внуци кога ќе дојдат до овие текстови еден ден, ќе црвенеат исто к'о да сум прднал на родителска, нејсе.

Долго се думав оваа колумна да биде објавена во некој од дневните весници каде редовно пишувам, арно ама уцвикав. Да, признавам, подвиткав опашот к'о џукела кога ќе ја збркаш со камења. Ќе ме линчуваат ако ова што сега ми лежи на душата го кажам во некој весник кој повеќе го читаат нашите транзициони стечајци и останата работна сила која остана со петокраката на чело, збунета, посрамена, покисната како вејка на ветрот во сопственото неразбирање:

Каде се зезнавме, да му се невиди?!?!?!

Небото не е црвено над Скопје, к'о некогаш, и револуционерниот канцероген чад кој гордо ги полнеше нашите белодробни крила со почетни фази на енфизем и канцерогени социјалистичко-револуционерно-ударнички заболувања кои со радост ги надополнувавме со никотинот на нашата ударничка тутунска индустрија.

Дојде потоп, симулакрумот на лажниот бог наречен држава рикна како претоварено магаре, а магаре кога ќе цркне паѓа ничкум со нозете нагоре. Така рикна и цел систем а цели генерации разгалени чеда на обновата останаа пеплосани пред новото време неспособни да направат било што. Големата цицка пресуши, златното теле се претопи во навлаки на заби на трулите капиталисти, а ги снема и синдикалните полутки, место К-15 надоместок, добивте хумористична серија, па смејте се, цепки е работата.
Паметам дека мајка ми, која едно време работеше во едно од државните јавни претпријатија, одеше на работа секое утро, се враќаше во 15 часот, најдоцна и имаше сила да направи ручек, да нѐ среди, а ние немавме појма дека нашите родители ударнички тој ден пиеле кафе до 9, оделе на пауза од 11, земале пар бескаматни кредити за стан и кола, на годишен одеа со пар плати и поработувале тук и таму, најголемата мака беше да се дом'кне синдикалната канта со сирење низ градскиот превоз, нешто полесно беше кога се транспортираа полутките иако и питата кашкавал знаеше да биде проблематична.
Поентата сепак ми е во друго, со децении народот се навикна да работи, без поголеми перформанси и за тоа преобилно да биде наградуван. Стручната подготовка не беше на некое високо ниво но сепак живеачката беше повеќе од добра компарирана со резултатите кои се даваа. Нормално, треаше така колку што траеше, дојдоа за наплата кредитите со кои се одржуваше системот и сѐ пукна како балон.
Политичките импликации не се тема на текстов, туку човечката мака на работниците која ги снајде. Останаа голи и боси и урлаа до небо да им се помогне, а во исто време не беа способни ни сами да се организираат. Цела генерација на јадни и намачени веќе се поклони пред Бога, испуштајќи душа од мака и болести добиени од јадот и чемерот кој го носеа во себе. Но дали мораше така да биде?
Не измоливме милост од Бога, океј, сепак и покрај тоа имавме избор да направиме нешто еве што:
На Discovery каналот на мојата кабелска имаше серија посветена на најбогатите луѓе од Европа а меѓу софистицираните ликови на пеачи, креатори, актери, индустријалци, имаше една теткица која да ја видите во мантил наликува баш к'о теткиците што чистеа по фирмите или училиштата, со иста физиономија и фризура и вкус за облекување колекција

лето - зима Бит-Пазар 1977. Таа неугледна жена беше претставена како една од најбогатите личности во Европа. Еве во што бил нејзиниот успех. На почетокот на 80-те, застарената индустрија на Англија и огромниот број на рудници за јаглен беа само товар на стопанството на Британија. Маргарет Тачер во стилот и духот на западното капиталистичко претприемаштво ги затвори непрофитабилните рудници и огромна маса народ се најде на улиците. Државата едвај нешто да им помогна, или колку да се рече, но сето тоа беше недоволно за да се продолжи со достоинствен живот. Од една страна пораст на алкохоличари и насилници од друга страна не дојде до социјална револуција, социјалниот потрес беше дампиран по неколку години. Како? Не, немаше плати и платни придонеси за оние кои немаа работа, туку нивна преквалификација. Дотичната жена која ви ја споменав била сопруга и домаќинка на рудар и тој го одржувал целото семејство. По затворањето на рудникот останале без средства за егзистенција, но не биле осамени, истото им се случило и на нивните пријатели, соседи, роднини. Како што знаете, бедата секогаш бара друштво, така што почнале интензивно да се дружат во нејзиниот дом дел од пријателите-отпуштените работници. Тоа прераснало во долги седенки кои преминале во вистински сеанси на кои се дебатирало како да си помогнат. Наместо буна и штрајкови, госпожата решила да им помага и да им ја врати скршената самодоверба на работниците кои биле на работ на очајот. Полека тоа ѝ станало професија, им помагала да научат и стекнат нови вештини но најмногу од сѐ да имаат цврста вера дека можат да си помогнат. Овие, немале пари да ѝ платат, но дале збор дека ако им помогне, ќе ѝ платат на рати кога ќе се вработат на ново работно место. Колкав бил успехот на овој приватен-непрофесионален но многу човечки топол и искрен проект говори фактот што таа жена обучила илјадници работници дури и постари од 50 години, да најдат нова работа но и да се снајдат во нови работни средини и да стекнат нови навики. Таа и денес е активна во својата компанија која и натаму со огромен успех работи и секако, заработува што ја направи една од најбогатите во Европа. Но како јас да му го кажам ова на некој стечаец кој ми се јавува и ми вика дека е стар, дека никој не би го вработил дека не може да работи нова работа и дека државата мора да се грижи за нив. Мака ми е и сакам да им помогнам, не сум јас тој кој треба да направи таква компанија за да ги преквалификува во умот работниците и да се дадат себеси на берзата на трудот со храброст да го преземат ризикот. Не можам да се начудам на менталитетот на западниот свет - имаат сила на стари години да почнат одново без да кукаат и плачат државата да им ги реши сите проблеми.

Ви велам, ова го напишав во Премин затоа што ме јадосува подолго време и немам

храброст да го објавам во весник кој пролетеријатот повеќе го чита, бидејќи не сум сигурен дека правилно ќе ме разберат. Сочувствувам со нивната мака, но цела деценија работам од утро до мрак, без помош од државата и без врски кај работодавците, и променив 20 работи и работни места и не сум единствениот, примери како мене има премногу и тие успеваат да си ја направат живеачката подобра оти добиваат дар измолен од Бога, да продолжат оти не бараат државата да мисли за нив и да им помага. Како само успеавме да го убиеме Господ во овие очајни луѓе кои останаа јадни и бедни на улица, бедни во сопствената немоќ да мрднат од место и да направат исчекор од очајот дека сè е готово, дека е крај, дека нема излез... кое само предворје на пеколот го живеат! Простете ми, не е тема на вакво списание, но имам огромна емпатија кон овие луѓе и ме боли нивното страдание, но уште повеќе ме боли што останаа затворени со умот за тоа дека има решение за нивната мака.

